Државната комисија за жалби по јавни набавки врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот „БАПАЛ“ ДООЕЛ Скопје, против одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-2021-0166/21/1 од 30.03.2021 година по огласот за јавна набавка со отворена постапка бр. 01616/2021 за набавка на услуги - чистење на пропусти во времетраење од 2 (две) години на договорниот орган Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., врз основа на член 151 и член 160 став (1) точка 1 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019 и Законот за дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република С. Македонија бр. 87/2021), на 19-та Седница одржана на ден 28.04.2021 година го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

**1. СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на жалбата поднесена од жалителот „БАПАЛ“ ДООЕЛ Скопје, изјавена против одлуката за избор на најповолна понуда бр. 05-2021-0166/21/1 од 30.03.2021 година по огласот за јавна набавка со отворена постапка бр. 01616/2021 за набавка на услуги - чистење на пропусти во времетраење од 2 (две) години на договорниот орган Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.

**2. СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот бр.09-448/1.

**3. Заклучокот** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечен по извршената достава.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предметот бр.09-448/1 по однос на жалбата поднесена од жалителот БАПАЛ“ ДООЕЛ Скопје, констатира дека со поднесок од 22.04.2021 година доставен од страна на жалителот, истата ја повлекува.

Имено, согласно со член 151 став 1 од Законот за јавните набавки: (1) Жалителот може да ја повлече жалбата до моментот на донесување одлука по жалбата од страна на Државната комисија.

Со оглед на изнесеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот од овој заклучок.

Бр. 09-448/5
28.04.2021 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- „БАПАЛ“ ДООЕЛ Скопје
- Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о